Ванчо ЃОРЃИЕВ

# УНИЈАТСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА И ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ

Споменување на името Димитар Поп Георгиев Беровски асоцира на ослободителните стремежи на македонскиот народ од седумдесетите години на XIX век. Разловечкото (1876) и Македонското востание (1878) во кои Димитар Поп Георгиев имал примарна улога претставуваат краен, радикален (вооружен) израз на ослободителните идеји. Не помалку значајна од револуционерната, е легалната, и интституционална броба за културно-просветна и духовна еманципација. Овој еволутивен пат, повторно води кон освојување на принципите на слободата. Всушност, тоа е патот кој го прифати Димитар Поп Георгиев по своето враќање од Белград во родното Берово во 1865 година. Тоа е време, кога во Македонија постоеше деградирана османска управа, силно антифанариотско движење за црковна еманципација од Цариградската патријаршија, време кога е формирана Бугарската егзархија (1870). Тоа е време - невреме, кога овие две православни цркви започнуват бескомпромисна борба за македонските епархии, за македонските православни души. Тоа е време на црковно-дипломатски игри, на жалби и протести, на поделби, омраза, време на прогони и барање на алтернативни патишта. Сето тоа, зачинето по разни вкусови, на османски начин било гарнирано во Македонија.

Во таква атмосфера се одвивала легалната општествена дејност на Димитар Поп Георгиев. Овој прилог нема за цел да ја разоткрие севкупната кулурно-просветна, духовна и општествена дејност на Беровски. Фокусирајќи сè на еден сегмент од црковното движење во кое Беровски земал активно учество, сакаме да дадеме скромен придонес во потенцирањето на место и улога на Беровски во унијатското движење како обид за алтернативно решение на македонското црковно прашање. Оттука кусите ретроспективи се неизбежни.

По враќањето во Берово (крајот на 1865 г.), Димитар Поп Георгиев станува учител.[1] Притоа зема учество во движење за еманципација од Цариградската патријаршија.[2] Поради тоа и поради своето емигрантско минато, фанариотските средини почнале да го дискредитираат Беровски пред власта. Оттука, Беровски набрзо ќе се соочи со непријатности. Во врска со тоа, во писмото од 18 март (ст. стил) 1868 г., до С. Верковиќ, Беровски пишува: "откако сум стапил во оваа моја татковина и камењата се вооружаа против мене, за да ме збришат од лицето на земјата".[3] Понатаму продолжува: "... лани татковите противници се осмелија со помош на фанариотот[4] да ми го одземат животот и ме извадија од толку трошок ... а, сега пак по влегувањето на 1868 година, фанариотот ги покани моите неразумни сотатковинци да му дадат маазар (изјава б.н) против мене, за да ме отстранат од Малешево поради тоа што сум бил на еди коеси место и уште многу други такви владички лошотилаци".[5]

Независно од таквите сплеткарења, Беровски успеал да го подготви и мобилизира не само Берово, туку и целиот малешевски крај против струмичкиот патријаршиски митрополит Јеротеј Комбајнос.[6] Во ова борба Беровски не само што вложил многу време и енергија туку и "сите материјални сили".[7] Во врска со тоа, во писмото од 14 јули (ст. стил) 1871

---

[1] Љубен Лапе, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје, 1976, 24; Дойно Дойнов, Национално-революционните борби в Югозападна България през 60-тите и 70-тите години на XIX век, 1976, 100; Славе Гоцев, Националнореволюционерните борби в Малешево и Пиянец 1860-1912, София, 1988, 57. Александар Трајановски, Димитар Поп Георгиев - Беровски (1840-1907), Штип, 1990, 66-68.

[2] Интересот на Беровски за развојот на црковното прашање датира уште за време на неговиот престој во Белград. За тоа најдобро сведочи писмо неговото писмо до Стефан Верковиќ од 22. IX 1864 година. Во него меѓу другото пишува: "... јавете ми што слушате за мојата куќа, зашто во последното писмо татко ми се жалеше од новиот фанариот, кој се зафатил силно да го заплашува, а што понатаму му направиле незнам". (Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски со Стефан Верковиќ во Серес, Историја, X/2, Скопје, 1974, 436.).

[3] Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски..., 443.

[4] Се однесува на струмичкиот патријаршиски митрополит Јеротеј Комбајнос (1862-1876), под чија јурисдикција спаѓала и Малешевијата.

[5] Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски..., 444.

[6] Д. Дойнов, Национално-революционните борби в Югозападна България..., 100.

[7] Исто.

г. до С. Верковиќ, Беровски пишува: “... се сосипав сосема за народните црковни работи, такашто во паричен поглед сум победен од секого... “.[8]

Односите помеѓу Димитар Поп Георгиев и митрополитот Јеротеј, толку се изостриле, такашто последниот преку својот беровски приврзаник Пецо Милчов (веќил во локалниот меџлис) во 1872 година се обидел да го наговори турчинот Серекбасан за 10 лири да го убие Беровски.[9] Независно од тоа Беровски е оптимист. За тоа сведочат неговите зборови: “народните работи кај нас си го тераат својот пат, само со поповите имаме голема расправија. Тие поткреваат поповска партија за да грабаат многу, народот пак сака поумерено да дава и така за да не сме без работа се раѓаат помеѓу нас несреќи, но ќе натежнат оние што даваат”.[10]

Во 1873 г., Димитар Поп Георгиев бил избран за раководител за училишните и црковните работи.[11] Во своите записки, тој вели дека бил: “претставител на округот по црковното прашање и ... полномошник (векил) на округот на Македонците и Турците по сите работи со власта”.[12] Од позиција на легитимен претставник на народот Димитар Поп Георгиев имал поголема можност за решително спротивставување на патријаршискиот владика Јеротеј Комбајност. Притоа имал полна поддршка на беровчани.

Општопозната е епизодата со протерувањето на владиката Јеротеј за време на празникот Св. Богородица Балаклија.[13] Меѓутоа, според нас

---

[8] Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски..., 448.

[9] Во врска со овој настан во писмо од 4 ноември 1872 година до С. Верковиќ, Беровски пишува: “Мојот ѓавол е ... Пецо Милчов. Пред 5-6 месеци, подучен од струмичкиот бивш Грк владиката Јеротеј, наговарал еден од пехчевските Турци по име Серек-басан, да ме убие за плата од 10 турски лири! Ако сум жив ќе го повикам пред страшниот владин суд да дава одговор, а помирување меѓу мене и мојот ѓавол Пецо нема да има ... (Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски..., 448).

[10] Исто, 449-450.

[11] Љ. Лапе, Разловечкото востание ..., 85; С. Гоцев, Национално-революционерните борби в Малешево и Пиянец ..., 58.

[12] Михајло Миноски, Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар Поп Георгиев Беровски - Беровски, ГИНИ, XVI/3, Скопје, 1972, 143.

[13] Поопширно за овој настан види: М. Миноски, Новооткриени документи ..., 143-144; Љ. Лапе, Разловечкото востание..., 27-28; Д. Дойнов, Национално-революционните борби в Югозападна България...,101; С. Гоцев, Национално-революционерните борби в Малешево и Пиянец ..., 59; А. Трајановски, Димитар Поп Георгиев ..., 72-73.

овде има простор за преиспитување дали овој настан навистина се одиграл во 1874 година? Дали можеби тоа не било во претходната 1873 година?[14]

Податоците што ги дава Беровски за овој настан иако се податливи, сепак остават простор за дилеми. Така во записките Беровски вели: "За последиците и минатото по црковното прашање нема да се впуштам да расправам, бидејќи тоа ќе ме одвлече далеку со своите многускандалозни и многуинтерсни настани...".[15] Што било толку скандалозно, а сепак многу интересно за што Беровски не сака да се впушта во расправа?! Несомнено, тоа е неговото учество во унијатското движење. Беровски кој бил потполно компромитиран пред световната и духовната валст во Османската империја, откако нашол прибежиште во новоослободената Бугарија, свесно го одбегнува моментот на неговото учество во унијатството.

Додека Беровски беше зафатен во антифанариотското движење во меѓувреме настана промена во црковните прилики. Како резултат на повеќегодишното антифанариотското движење во Македонија и Бугарија, со дипломатска поддршка на Русија и султанска милост во 1870 година во Цариград беше основана Бугарската егзархија. Според чл. 10 од Ферманот од 28. II 1870 година во рамките на Егзархијата од Македонија директно беше вклучена Велешката епархија. Додека за останатите епархии таквата можност била допуштена доколку за тоа се изјанат 2/3 од

[14] Беровски пишува дека овој настан се случил во 1874 година па поради тоа за да го избегне прогонот на власта бил принуден да побегне за Цариград, а потоа да замине за Солун. (Види: М. Миноски, Новооткриени документи ...,143-145). Меѓутоа основата за нашиот сомнеж дека настанот со Јеротеј Комбајност се одиграл за време на празникот Св. Богородица Балаклија во 1874 година лежи во фактите што Димитар Поп Георгиев во овој период го среќаваме на релацијата Солун - Кукуш како протагонист на унијатството. Во прилог на нашиот сомнеж се и податоците од изводите од службениот лист на Димитар Поп Георгиев од 1881 г., каде стои дека тој во 1873 година го "управувал округот по црковните работи без ни најмало мешање на тогашниот тамошен владика, за кое нешто е измачуван три месеци во најстрашниот затвор. После во Цариград го зема од Егзархијата епископот Нил Смоленски, кого го остава во Кукуш и до сега". (Љ. Лапе, Разловечкото востание ..., 85). Општопознато е дека одеисејата со епископот Нил Смоленски е од крајот на 1873 и почетокот на 1874 година. Во прилог на нашиот сомнеж оди и една недоволно прецизна информација од писмото на Беровски до С. Верковиќ од 24 март 1875 година. Во него Беровски потенцира дека поради "поранешните злосторства што се претргаа од струмичкиот злосторник фанариотинот" дека две години немал можност да се размени писмо со Верковиќ. (Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски..., 450. ) Ова недоволно прецизна информација не зборува за настан кој се одиграл во 1874 година. Дококлку било така Беровски сигурно би пишувал за настан од претходната година, а не за порано.

[15] М. Миноски, Новооткриени документи ..., 144.

населението.[16] Со таквото решение на црковното прашање во европска Турција настануват нови комликации.

Двете православни цркви (Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија) се спротивставени една спроти друга. Цариградската патријаршија се наоѓа во ситуација да ги брани своите позиции кои постепено, но закономерно слабеат. Додека, Егзархијата како словенска црква се наоѓа во предност, но наидува на административни пречки во реализацијата на своите права. Конфликтната ситуација вешто се потхранува од страна на османските власти. Цариградската патријаршија во настојувањето за одбрана на своите позиции и дискредитација на ривалската црква, во септември 1872 година ја прогласува Егзархијата за шизматичка црква.[17]

Како резутлтат на затегнатите односи помеѓу Цариградска патријаршија и Бугарската егзархија по османска иницијатива во средината на 1873 година, Егзархијата се одлучила да прифати спогоба со Цариградската патријаршија.[18] Набрзо потоа Портата дозволила да се спроведе референдум помеѓу населението во Серската и Скопската епархија во смисла на чл. 10 од ферманот за Егзархијата. Резултите во Скопската епархија оделе во прилог на Егзархијата.[19] Во меѓувреме на 3 октомври 1873 г., за Солунски валија бил именуван Митхат паша, поранешен русенски валија и министер за правда.[20] Неговото назначување се обидела да го искористи Егзархијата, притоа, поучувајќи ги своите претставници во Македонија да му искажат лојалност и да го запознаат за егзархиските проблеми.[21] Митахат паша, познавајќи ги политичките и црковните прилики во Империјата ја протежирал политиката “подели и владеј”. Во таа смисла тој се обидел да го искористи македонскиот фактор. Притоа “се обиде да ги убедува некои од поличните македонски Бугари дека тие не се Бугари, но Македонци; дека тие се народ посебен од бугарскиот, како што се докажувало и од нивниот јазик (наречје), кој не е како бугарскиот, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите во Дунавската и Одринската област (Мизија и

[16] Види: Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975, 164-167.

[17] Блаже Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, Скопје, 1960, 79; Славко Димевски, Македонската борба за црковна и национална самостојност во XIX век (Унијатското движење), Скопје, 1988, 99.

[18] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 80.

[19] Исто.

[20] Исто, 81.

[21] Исто.исто, 81-82.

Тракија) и дека, на таков начин, тие ќе си имаат и своја самостојна црква, востанувајќи им се Охридската архиепископија, и уште некои други такви работи".[22]

На картата Михат паша како солунски валија се обидела да проигра и Егзархијата, притоа имајќи го предвид познанството помеѓу Митахат паша како поранешен валија во Русе и актуелниот смоленски епископ Нил Изворов како поранешен претседател тамошната црковно-училишна општина.[23] За таа цел кон крајот на 1873 година, Егзархијата одлучила без дозвола од Поратата да го испарти во Солун епископот Нил Смоленски.[24]

Бидејќи заминувањето на Нил Смоленски во Солун било без османска дозвола, како и поради спротивставувањето од страна на Патријаршијата, Егзархијата била принудена да го отповика Нил и да побара негово враќање во Цариград.[25] Меѓутоа епископт Нил, чувствувајќи се изигран од Егзархијата, во меѓувреме се поврзал со незадоволните македонски средини кои решавањето на македонското црковно прашање го гледале во Унијатството. Поради тоа Нил наместо да се врати во Цариград заминал за Кукуш, притоа оддавајќи се на Унијатството.

Во меѓувреме во Македонија се прошириле гласини за спогодување помеѓу Патријаршијата и Егзархијата за сметка на македонските епархии.[26] Во такви околности, Солунската црковно-училишна општина од името на останите градови во Солунскиот вилает преку епископот Нил ја известила Егзархијата дека тие не прифаќат никакво спогодување со Патријаршијата.[27] Набрзо потоа на 24 декември (ст. стил) 1873 година

---

[22] Цитирано според Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 80; Види и С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност..., 101.

[23] Висди: Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония след освободителната война (1879-1895), София, 1968, 166; Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 82.

[24] Нил Изворов од Егзархијата бил ракоположен за за епископ со титулата Смоленски на 8 јули 1873 година. (Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония..., 166). Меѓутоа, бидејќи не му била доверена епархија, се водел како викарен епископ. (С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,101).

[25] Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония..., 166-167; С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност..., 101-102.

[26] Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония..., 167; С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност..., 101; Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 83.

[27] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1,83.

шест македонски општини (Солун, Дојран, Воден, Кукуш, Струмица и Малешево) испратиле барање до Егзархијата, таа да издејствува дозвола од Високата порта епископот Нил да остане во Солун, во спротивно се заканиле дека ќе преминат во Унија.[28] Речиси во истовреме споменатите шест општини преку англискиот дипломаски претставник во Цариград побарале покровитеслтво на протестанската црква.[29] Таква поткрепа била побарана од американскиот и германскиот дипломатски претставник во Цариград.[30] Поради негативниот одговор од англиска страна, овие општини со посредство на солунските лазаристи[31] се обратиле до унијатскиот епископ Рафаел Попов во Одрин. Тој одговорил дека ќе ги прифати во унијата под услов таква желба да изјави и епископт Нил Изворов.[32]

Таквиот развој на настаните во Македонија[33] сериозно ја загрижил Бугарската егзархија. За попречување на натамошното ширење на унијатството, како и за зацврстување на егзархискиот престиж, егзархот Антим I, без знаење на Синодот го испратил во Македонија во тајна мисија Петко Рачев Славејков.[34] Неговиот избор не бил случаен. Како поранешен редактор на в. “Македонија” тој уживал извесна популарност во Македонија,[35] а од друга страна имал искуство во сузбивањето на

---

[28] Исто; Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,167; С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,103-104.

[29] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 83-84; Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,167.

[30] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 84; С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,104.

[31] С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,104.

[32] Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,167; Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 84.

[33] За натамошниот развој на унијатството во Македонија и улогата на епископот Нил Изворов види во веќе цитираните трудови од Б. Ристовски и С. Димески. На 11 април 1874 година епископтот Нил Изворов во Цариград официјално бил устоличен акао унијатски епискот (С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,121). Дури во 1895 година Нил Изворов се покајал пред Егзархијата и побарал прошка. Притоа Св. Синод го прифатил неговото покајание и го примил во своите редови во неговото претходно звање како екископ Смоленски. (Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,168).

[34] Цочо Билярски, Илия Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков по унията в Македония през 1874 г., сп. Векове, год. 3, н.1, 57-58.

[35] Исто, 58.

цариградската унија во 1860/61 година.[36] На 14. I (ст. стил) 1874 г., Славејков пристигнал во Солун. Неговата мисија во Македонија траела до околу 9 март кога се вратил во Цариград.[37] Покрај Солун, Славејков го посетил Велес, Струмица и некои други места. Притоа на терен ги проучил причините за ширењето на унијата, остварил многу конатакти со егзархиските привrзаници и протагонистите на унијатството, настојувајќи да ги расколеба последните.

Видувањата на Славелков за ширењето на унијатството се изложени во неговите писма до егзархот Антим I, како и до архимандритот Јосиф (идниот бугарски Егзарх).[38] Во своето прво писмо од Солун до егзархот Антим I, Славејков како прва причина за ширењето на унијатство во Македонија го наведува фактот дека помеѓу "тукашните (македонски б.н) патриоти" се појавило "некакво нерасположение" спрема Бугарите од Дунавскиот и Одринскиот вилает и "некава завист кон нивното порано пробудување и видно преовладување на нивниот јазик во книжевноста".[39] Според Славејков "едностараното ... решавање на прашањето само во полза на придунавските и тракиските Бугари го потискало тоа нерасположение понатаму ... (такашто бн.) реченото нерасположение лесно се претворило во недоверба кон дејците на прашањето и во тукашните патриоти родило гибелна мисла да дејствуват самостојно за спроведување на нивното месно наречје и понатаму за нивна посебна, сопствена македонска иерархија...".[40]

Славејков истакнува дека "гибелната идеја" била потхранувана и од некои егзархиски владици пред сè од кариеристички побуди. Според него за ширењето на унијатството влијаело неспроведувањето на чл. 10 од ферманот за Егзархијата; гласините за спогодување помеѓу Егзархијата и Патријаршијата за сметка на македонските епархии; неименувањето на дедо Харитон за егзархиски владика во Македонија;[41] потоа проповедите на Нил кој влегол во преговри со македонските незадоволници; прогласувањето на Егзархијата за шизматичка црква; патријаршискиот прогон;

[36] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 84.

[37] Ц. Билярски, И. Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков ..., 60.

[38] Види: Цочо Билярски, Илия Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков по унията в Македония през 1874 г., сп. Векове, год. 3, н.1,

[39] Исто, 68.

[40] Исто.

[41] Поп Харитон Ангелов Корпузов бил родум од Либјахово - Невркопско. Енергичен и искусен водач на населението во црковните борби во Источна Македонија. Како претседател на Неврокопската општина (1871-1878) од месното население во 1873 година бил предложен за Неврокопски митрополит, но Бугарската егзархија не го прифатила.

незаинтересираноста на егзархискиот владика во Велешката епархија,[42] и др.

Со оглед на приликите, Славејков предупредува доколку не се "зачува православието" преку "присоединување кон Егзархијата", тогаш "присоединувањето на македонските бугари со римската црква е свршено дело и не ќе биде делумно, но целокупно, со стремеж да ја воскреснат Охридската архиепископија ... (а тогаш б.н) збогум Македонио!"[43]

Во писмото до архимандритот Јосиф, Славејков зборувајќи за причините за ширење на унијатството во Македонија, меѓу другото вели: "но најопасниот нерпријател е овој : На оние малку ситни честољубци Бугари од Македонија, кои од тесна љубов кон својата родина и поради неразбраното претпочитување кон своето родно слово, што ги соблазнило да работат за негово преовладување, најпосле притекнале српската и грчката пропаганда, коишто без да ги покажат пред населението своите задни мисли, им внушуват многу гибелни идеи: на пример дека тие не се Бугари, туку се Македонци, т.е. нешто повисоко од другите Бугари (Александрови потомци!), дека тие можат и треба да бидат водачи и првенци на бугарскиот народ, зашто и иерархијата бугарска била, и е нивна, со такви проповеди на туѓинците поткрепени од нашите неразумници, раздразнувајќи го населението успеале да ги распространат доволно тие мисли и да ги настројат на гибелниот пат за одделување, а првиот плод на тие проповеди е: *недовербаӣа кон Еӷзархијаӣа и ӣајноӣо ӣроӣивдејсӣвување на нејзиниӣе насӣојувања да ӷи обедини во црковен однос*".[44]

Ширењето на унијатсвото во Македонија не било полд на религиозно убедувања. Напротив, тоа е политички мотивирано. Преку него се настојувало да се зачува посебноста на својот јазик и идентитет и решавање на македонското црковно прашање преку формирање посебна македонска црква во унија со Римокатоличката црква.

Која била улогата и местото на Димитар Поп Георгиев во унијатското движење?

Во изводите од службениот лист на Беровски од 1881 година експлицитно стои дека тој од Егзархијата во Цариград го зел епископот Нил Смоленски и дека го оставил во Кукуш.[45] Според Д. Дојнов, Беровски бил испратен како "придружник на Нил Смоленски во Кукуш, а

---

[42] Исто, 68-71.

[43] Исто, 70-71.

[44] Исто, 74. Подвлечено во оригиналот.

[45] Љ. Лапе, Разловечкото востание..., 85.

од таму и во Солун".[46] Овие информации говорат дека Беровски одиграл клучна улога при вовлекувањето на Нил Смоленски во унијата.

Кога се говори за учеството на Беровски во унијатството, мора да се има предвид фактот дека тој настапувал како ополномоштен претставник по црковните работи на Малешево. Најверојатно во тоа својство, Беровски учествувал на советувањето во Солун, кога 6 македонски општини (Солун, Дојран, Воден, Кукуш, Струмица и Малешево) на 24 декември (ст. стил) 1873 г., се заканиле дека ќе преминат во унија доколку Егзархијата не издејствува останување на Нил во Солун.[47] Споменативе општини преку англискиот, американскиот и германскиот претставник во Цариград побарале покровителство на протестанската црква.[48] Истите со посредство на солунските лазаристи се обратиле до унијатскиот епископ Рафаел Попов во Одрин.[49]

За улогата на Беровски и воопшто на Малешево во унијатското движење интересни податоци среќаваме во писмата на П. Р. Славејков. Така во своето прво писмо од Солун до егзархот Антим I, Славејков пишува: "На чело на движењето стои Кукуш, денес потпомаган доволно силно од деосега заспаниот Дојран, а во него јавно учествуваат Струмица со Малешево и Воден, а по нив клинкаат Солунските села, Серските, Мелник и Драмските".[50] Во истото писмо Слевејков пишува дека "Димитар Малешевски оваа утро заминал за Кукуш да собере пари",[51] кои биле неопходни за враќањето на Нил Смоленски од Цариград. Поради тоа, Славејков предупредува доколку епископот Нил успее да издејствува ферман и со него да се врати назад, тогаш не само "Полјанската епархија што ќе го прифати, туку нему ќе му се присоединат и Струмичката (во која била и Малешево б.н) и Воденската и многу од селата на Солунската, Драмската, Серската и др., но покрај нив ќе се разнишат сите други македонски епархии".[52]

[46] Д. Дойнов, Национално-революционните борби в Югозападна България...,102.

[47] Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 83.

[48] Исто, 83-84; Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,167; С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,104.

[49] С. Димески, Македонската борба за црковна и национална самостојност...,104; Кирил патриарх Български, Принос към Униятството в Македония...,167.

[50] Ц. Билярски, И. Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков ...,69-70.

[51] Исто, 70.

[52] Исто.

Враќањето на Нил како унијатски епископт во Солун се очекувало во пресрет на Велигденските празници. Меѓутоа нетрпеливите Полјанци и Малешевци искажлае подготвеност место него веднаш да го прифатат монсињор Рафаел,[53] но Кукушани прифатиле сепак да причекат до Велигден.[54]

Во писмото од 19. II 1874 година Славејков пишува: “Најголемо шило на движењето од Цариград е Сарафов,[55] тој многу ги вознемирува двоедушните, ги издава тајните, ... тој е во односи со главните водачи тука, како што се Димитрија Малешевски и дојранскиот претставник Никола Г. Ахазаров. Димитрија отиде за Кукуш, а тука остана Никола, којшто го фатив отблизу. Тој е едно младо момче и многу расипано”.[56]

Имајќи ја предвид улогата на споменатите двајца, Славејков настојувал по секој начин да се добере до нив за да им повлијае против унијата. Во врска со тоа, Славејков во писмото до архимадритот Јосиф пишува: “јас бев влегол во многу тесни односи со предводниците на присоединувањето Д. Малешевски и Н. Полјански” со цел прво да ја растурам унијата наоколу за да ги осамотам Кукушани кои се “главни двигатели”.[57] Меѓутоа, успехот на Славејков во Кукуш и Малешевијата, наполно изостанал. Во врска со тоа при крајот на својата мисија Славејков пишува: “Денес за денес само Кукуш е искрено за унијата и Малешево, кое го слуша Димитрија и нему му ги имаат поверено своите печати. Јас го имам близу и мислам дека во згоден час може да се нанесе последниот удар.”[58]

Речиси во исто време (3. III 1874 г.), Т. Н. Попович пишува дека “малешевскиот претставник Димитар” кој според него “бил главен деец” го уверувал дека Солун, Воден, Струмица, Малешево и Кукуш ја примиле унијата, а Драма Неврокоп и Мелник биле во преговори.[59]

Според изнесените податоци евидентно е дека Димитар Поп Георгиев се вбројува како еден од главните предводници на унијатското движење во Македонија во првата половина од 1874 година. Иако

---

[53] Рафаел Добрев Попов, за унијатски свештеник бил поставен во 1861 г.„ а во 1864 г., од Рим бил ракоположен за епископ со седиште во Одрин. Починал 1876 во Одрин.

[54] Ц. Билярски, И. Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков ..., 71.

[55] Коста Влчев Сарафов, учесник во црковните борби. Претставник на Драмската епархија во Цариград од 1869 до 1872 година. Од 1873-1874 повторно е во Цариград за изборот на поп Харитон за егзархиски владика.

[56] Ц. Билярски, И. Пасков, Писма на Петко Рачев Славейков ...,72.

[57] Исто, 74.

[58] Исто, 75.

[59] Според Б. Ристовски, Унијатството во Македонија (III), Разгледи, III/ III, бр. 1, 87.

движењето со тек на време спласнало, Беровски останал убеден протагонист се до своето потполно одметнување. За тоа најдобро сведочи фактот што 1875 година, Беровски својата кореспонденција ја добивал преку шефот на лазаристичката мисија во Солун - Августино Бонети. Конкретно во писмото од 24 март (ст. стил) 1875 година, Беровски го замолува С. Верковиќ писмата до него да ги адресира на француски со натпис "До неговото преподобие г-н Бонети, апостолски мисионер при француската црква во Солун".[60] Во истото писмо Беровски истакнува; "Не губам надеж дека некогаш ќе се подобрат работите и за нас, но сега е најголемото зло во Малешево кое не може да се одрече дека е плод на немарноста на Егзархијата и има да зафати уште многу други места".[61] Продолжувајќи ја борбата низ легалните институции,[62] Беровски и во овој период останал оптимист. Така во своето писмо од 3 ноември (ст. стил) 1875 г., Беровски пишува: "Ние не губиме волја и наполно веруваме во праведната царска влада, макар и подоцна ќе ни ја задоволи праведната желба".[63] Меѓутоа веќе по еден месец, Беровски го напушта трпението и вербата во праведноста и исправноста на легалната борба. Во своето писмо од 8 декември, тој пишува: "Јас предвидувајќи дека не можам повеќе да бидам постојанен жител на мојата татковина се зафатив да испродадам сè, колку што имам мулк и подвижно и за да се изврши тоа го ополномоштив еден верен пријател".[64] Веќе на 19 февруари (ст. стил) 1879 г., Беровски изјавува дека се откажува од легалната институционална борба и го најавува илегалниот вооружен начин на борба, за тоа сведочат неговите зборови: "Како што се гледа, работите во судот ќе ги оставиме да висат и мислиме за поверојатно нивното дефинитивно решение ќе стане во Малешево".[65]

---

[60] Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски ..., 451.

[61] Исто, 450.

[62] Во писмото од 22 септември (ст. стил) 1875 година меѓу другото пишува: "Се надевам дека правосудството и неуморно активниот садриазам ќе постапи по правдољубивите на неговото царско величество султанот ... и без сомнение ќе го добие заслуженото и овој фанариотин за своите дела ... Ние денеска му поднесовме извештај за нашите работи со кои протестираме за нашите загуби и бараме суд за фанариотот и за други кои ни се со него давации".( Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски ..., 452).

[63] Љ. Лапе, Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски ..., 453.

[64] Исто, 455.

[65] Исто, 456.

Несомнено Димитар Поп Георгиев Беровски е ретка, упорна личност, кој води континуирана борба низ сите нејзини форми. Притоа започнува легално и институционално, за да заврши радикално.